**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 12.06.2018 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 2852 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), се доставува

# ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** вонреден надзор реализиран по претставка бр. 03-9 од 31.05.2018 година

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 28 мај 2018 година, издание на актуелно-информативната емисија „Топ Тема" (19:21:58 - 20:30:47)

4. **Датум на извршување на надзорот:** 12.06.2018 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 48 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (посебна забрана за поттикнување или ширење дискриминација, нетрпеливост или омраза врз основа на раса, пол, религија или националност);

6. **Претходно изречена мерка:** Во 2018 година нема мерка по член 48

7. **Констатации од надзорот:**

Со вонредниот надзор извршен по поднесена претставка од граѓанин врз програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 28 мај 2018 година на државно ниво, **не е констатирано прекршување на член 48 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.** Предмет на надзор беше изданието на актуелно-информативната емисија „Топ Тема" емитувана на ТВ Телма на 28 мај со почеток во 19 часот и 22 минути. Тема на ова издание беше работата на Владата во првата година од стапувањето на власт, на која дебатираа новинарите Горан Момировски и Зоран Димитровски. Во емисијата беа презентирани и резултатите од истражувањето на јавното мислење на граѓаните во однос на работата на Владата. Водителка на емисијата беше новинарката Сања Васиќ, а податоците од спроведената анкета ги презентираше новинарот Боби Христов. Искажаните зборови за кои подносителот на претставката смета дека се „навредливи, погрдни за јавната администрација" и претставуваат „класичен говор на омраза и на дискриминација по професионална основа", се изречени од новинарот Зоран Димитровски во делот каде што тој ги анализира досегашните реформи на Владата и резултатите од одговорите на прашањето од анкетата „Колку сте задоволни со мерките кои Владата ги превзема за успешна јавна администрација?".

*<u>Транскрипт на сегментот од емисијата во кој се изнесени проблематизираните изјави</u>*
*(20:05:50-20:08:03)*

Зоран Димитровски: *Кај државната администрација има два елементи, еден е делот каде што луѓето очекуваат да бидат, тие што не се дел од државната администрација, да станат. Што е трагедија нели, не е поентата да бараме работа во државната администрација. Тоа е дел од едно незадоволство. Вториот дел е од оние вистински граѓани, колку се задоволни од државната администрација во контекст на јавен сервис, како тоа функционира. Ние знаеме дека таа државна администрација, е градена не само во текот на минатата власт, можеме да кажеме во текот на сите минати власти. Буквално произведовме еден монструм, кој не само што го јаде буџетот итн. туку е и нефункционален во контекст на пружање вистински сервис, услуги на граѓаните. И тоа е големото незадоволство. Дали тоа може да се измени за една година, не верувам. Затоа што во прашање е свест некаква, во прашање е да речеме еден менталитет кој што треба да се менува комплетно. Особено што имаме згрижување на сите оние сеа што нишаа врата земаа плата дома, а сега треба да се вратат на работа па им бараме уште место, па им даваме уште можност да одбијат.*

Горан Момировски: *До три пати*

Сања Васиќ: *Да рамковните вработувања си останаа, само што нема нови.*

Зоран Димитровски: *Значи логично е дека тоа ќе предизвика кај луѓето па дури кај голем дел и кај оние Албанци кои што нели, завршиле некакви школи, напредувале, па сега некој таму ќе бира место, а не знае ништо да работи. Од тие причини големо е незадоволството. Мислам дека Заев направи еден компромис, тоа е благодарение не само на ДУИ туку благодарение и на некое свои внатре-партиски структури иако и таму владее големо незадоволство зошто не може да ги вработи. Но, очекувањата кај луѓето се главно, зборувам во крупните политички партии како што се ВМРО ДПМНЕ, ДУИ, СДСМ - во големите - очекувањата се дека тие ќе станат дел од државната администрација. И голем дел од незадоволството извира од таму. Мислам дека Заев треба резолутно да каже, да ја - затоа што тоа не го направи пред изборите, не го направи ни после избори - него напротив, велеше нема да избркам ниту еден - мислам дека оваа Влада во идниот период мора да направи концепт за сериозно кастрење на државната администрација ако сака да, и професионализација нејзина, ако сака воопшто да има некаков економски резултат.*

***

Согласно „Водичот за мониторинг на „говорот на омраза" на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, секое ограничување на слободата на изразување треба да биде резултат на мониторинг кој „треба да го следи начинот на кој Европскиот суд за човекови права проценува дали има или нема потреба од ограничување на слободата на изразување во секој поединечен случај... цитирајќи го не само Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, туку давајќи и објаснување за легитимната цел за таквата одлука и зошто е потребно такво ограничување на слободата на изразување во едно демократско општество"[1]. Ова значи дека, за да се утврди дали се исполнети сите услови од трипартитниот тест на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП), потребно е да се утврди дали ограничувањето на слободата на изразување е пропишано со закон, има легитимна цел и е неопходно во демократско општество.

---

[1] Водич за мониторинг на „говорот на омразата", Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Македонија, 2014 година, стр.28, достапен на: http://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/05/Vodic-za-monitoring-za-govorot-na-omraza-Mak.pdf

*Дали ограничувањето на слободата на изразување е пропишано со закон?*

За да се одговори на ова прашање, следува преглед на меѓународната и македонската регулаторна рамка која е релевантна за оценувањето дали во емисијата „Топ Тема – На ваша страна“ на ТВ Телма емитувана на 28 мај 2018 година во 19:22 часот е прикажана содржина која поттикнува дискриминација или говор на омраза.

Согласно член 10 од Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП):

Член 10
Слобода на изразување

„Секој има право на слобода на изразување. Ова право ја вклучува слободата да се застапува одредено мислење и да се примаат и даваат информации и идеи без мешање на јавната власт и без оглед на границите. Овој член не ги спречува државите да бараат лиценцирање на претпријатијата за радиодифузија, телевизиски пренос или кината“.

„Остварувањето на овие слободи, бидејќи со себе носи и должности и одговорности, може да подлежи на одредени формалности, услови, ограничувања или казни кои се пропишани со закон и неопходни за едно демократско општество, во интерес на националната безбедност, територијалниот интегритет или јавната безбедност, за спречување на немири или криминал, за заштита на здравјето и моралот, за заштита на репутацијата или правата на другите, за спречување на откривањето доверливи информации или за одржување на авторитетот и непристрасност на судството“[2].

Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - ЗААВМУ („Службен весник на Република Македонија бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17) содржи посебни забрани, согласно кои:

Член 48
Посебни забрани

„Аудио и аудиовизуелните медиумски услуги не смеат да содржат програми со кои се загрозува националната безбедност, се поттикнува насилно уривање на уставниот поредок на Република Македонија, се повикува на воена агресија или на оружен конфликт, се поттикнува или шири дискриминација, нетрпеливост или омраза врз основа на раса, пол, религија или националност.

Посебните забрани од ставот (1) на овој член треба да бидат во согласност со практиката на Европскиот суд за човекови права.“

Од Законот за спречување и заштита од дискриминација - ЗСЗД („Службен весник на Република Македонија, бр. 50/10)

[2] Европска конвенција за човекови права, член 10, достапна на: http://www.echr.coe.int/Documents/Convention_MKD.pdf

Член 3

Основи за дискриминација

„Се забранува секоја директна или индиректна дискриминација, повикување и поттикнување на дискриминација и помагање во дискриминаторско постапување врз основа на пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, други видови уверувања, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална и телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба или која било друга основа која е предвидена со закон или со ратификуван меѓународен договор (во натамошниот текст: дискриминаторска основа)."

Во овој случај релевантна е и Декларацијата за слобода на политичката дебата во медиумите[3] усвоена од Комитетот на министри на Советот на Европа на 12 февруари 2004 година согласно која:

II. Слобода за критикување на државните или јавните институции

„Државата, владата или било која друга институција во областа на извршната, законодавната или судската власт може да биде предмет на критика во медиумите. Поради својата доминантна позиција, овие институции како такви не би требало да бидат заштитени со кривичниот закон од клевета или навредливи изјави. Меѓутоа, во случаи кога овие институции уживаат таква заштита, таа би требало да се применува на рестриктивен начин, избегнувајќи во секоја прилика нејзино користење да се ограничи слободата на критикување. Поединците кои ги претставуваат овие институции и натаму остануваат заштитени како индивидуи.

IV. Надзор од страна на јавноста во однос на јавните службеници

Јавните службеници мора да прифатат дека ќе бидат подложни на јавен надзор и критика, особено преку медиумите, во однос на начинот на кој ги извршуваат своите функции, сè додека тоа е потребно за да се обезбеди транспарентност и одговорно извршување на нивните функции.

VI. Репутација на политичките фигури и јавните службеници

Политичките фигури не треба да уживаат поголема заштита на нивната репутација и другите права во споредба со другите поединци, поради што не треба да се изрекуваат построги санкции според домашното право против медиумите кога тие ги критикуваат политичките фигури. Ова начело, исто така, важи и за јавните службеници - отстапките се дозволени само кога тие се строго потребни за да им се овозможи на јавните службеници да ги извршуваат своите функции на соодветен начин.

Од судската пракса на Европскиот суд за човекови права, за конкретниов надзор релевантен е случајот **Хендисајд (Handyside) против Велика Британија** кога судот зазема став според кој заштитата на слободата на изразување, гарантирана во член 10 од Европската конвенција за човекови права „е применлива не само за 'информациите' или 'идеите' кои поволно се примаат или не се сметаат за навредливи или пак се сметаат за индиферентни, туку и за оние кои ја навредуваат, шокираат или ја вознемируваат државата или кој било дел

[3] Декларација за слобода на политичката дебата во медиумите http://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/05/Dec2004PoliticalDebate_mk-1.pdf

од населението", бидејќи „Такви се барањата на таков плурализам, толеранција и слободоумност без кои не постои демократско општество"[4].

Во делот од „Топ Тема" на кој се однесува претставката, Димитровски зборува за целокупниот систем на јавна администрација и критички се осврнува на неговото функционирање. Сакајќи да ѝ појасни на јавноста за каков систем се работи кој според него чини многу пари, е нефункционален и не претставува вистински сервис на граѓаните, тој го опишува како еден своевиден „монструм". Важно е да се напомене дека оваа класификација не се однесува поединечно на административните службеници како што подносителот тврди во претставката, туку на целокупниот државен сервис кој пружа јавни услуги во државата. Јавноста, а посебно новинарите, имаат слобода да ја критикуваат работата на законодавната, извршната и судската власт поради нивната доминантна позиција во општеството. Според точка 4 од Декларацијата за слобода на политичката дебата во медиумите, јавноста треба да врши надзор врз работата на јавните службеници кои мора да прифатат дека ќе бидат подложни на јавен надзор и критика, особено преку медиумите, во однос на начинот на кој ги извршуваат своите функции, сè додека тоа е потребно за да се обезбеди транспарентност и одговорно извршување на нивните функции.

Врз основа на сето ова, ограничување на слободата на говорот во конкретниов случај **не пропишано со закон**, односно во актуелно-информативната емисија „Топ Тема" емитувана на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје на 28 мај 2018 година, **не е прекршен член 48 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**8. Опис на прекршувањето: /**

**9. Предлог- мерка: /**

***Сектор за програмски работи***

[4] European Court of Human Rights "Fact sheet – hate speech", март 2018, достапно на: http://www.echr.coe.int/Documents/FS_Hate_speech_ENG.pdf